Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**М А Ш И Н С К И  Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## КАМПАЊА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИДНИ СТУДЕНТИ

Кампањата за привлекување на идни студенти за студирање на МФС започна. По одредувањето на планот и стратегијата на активностите се изврши финализирање и изработка на соодветен промотивен материјал.

Деновиве седум групи наставници и соработници од МФС активно вршат презентација на факултетот по средните училишта во Скопје.

Оваа акција е дел од кампањата. По неа и отворениот ден ќе следи саемот на образование, како и презентација на МФС по средните училишта низ државава. Секако, во склоп на кампањата ќе има и низа други акции. За и околу нив подетално ќе бидете информирани во следните информатори.

Секоја идеја и помош околу кампањата се добредојдени.

Одговорно лице за кампањата и водач на тимот за промоција е доц. д-р Радмил Поленаковиќ.

## ПРОЕКТНА СОРАБОТКА

Министерството за образование и наука информира дека е распишан конкурс за билатерална проектна соработка меѓу научно-истражувачките институции од Р.Македонија и Р.Турција (ТУБИТАК) во областа на науката и технологијата.

Подетални информации кај продеканот за наука.

## АКТИВНОСТИ ОД ЦИРКО МЕС

Во рамките на соработката со УСАИД и проектот ЦИРКО МЕС се реализира обука на 4 лица (А. Кочов, С. Трајковски, К. Марковска и З. Спироски) во TECOS Целје. Веќе е отпочнат проект за 3Д Моделирање на спортски авион за потребите на инкубатор компанија од РИЦ Целје.

## СТИПЕНДИИ

Министерството за образование и наука информира дека Баварската Покраина на С.Р. Германија доделува стипендии на студенти и млади научници за учество на еден јазичен курс на универзитетите на покраината Баварија.

Краен рок за доставување на потребните документи е 26.04.2006.

## МАНИФЕСТАЦИЈА

На ден 26.03.2006 на МФС се одржа завршната манифестација на првиот дел - обука од проектот YES (Бизнис инкубатор) кој се реализира во координација на СИНТЕФ и СОРОС. На настанот присуствуваше и амбасадорот на Норвешка, г-дин C. Wibye.

## ПОСЕТА

На ден 29.03.2006 на МФС во работна посета престојуваше Ректорот на Универзитетот во Ница, Франција, проф. д-р A. Marouani.

## САЕМ ЗА СТУДЕНТИ

Минатата недела од 20 до 22 март во организација на БЕСТ се одржа Саем за вработување и кариера. Саемот беше одлична можност нашите студенти да се запознаат со неколку компании и фирми и да аплицираат свои биографии како потенцијални кандидати по дипломирањето за идни вработувања.

На саемот зедоа учество следниве фирми: Космофон, Македонски телекомуникации, Бато и Диваjн, Сеавус, Макстил, Проктер и Гембл, Дигит, Дигитком и други.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

1. Дарко Бабунски, дипл. маш. инж., помлад асистент на МФС на ден 16.03.2006 година успешно го одбрани својот магистерски труд.
2. Емил Заев, дипл. маш. инж., на ден 23.03.2006 година успешно го одбрани својот магистерски труд.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

1. Доц. д-р Атанас Кочов, во период од 19.02 до 5.03.2006 година, реализира службено патување во Словенија со цел негово присуство на обуката на Reverse Engineering во Текос - Љубљана.
2. Проф. д-р Марко Серафимов, во период од 27.02. до 5.03.2006 година реализира службено патување во Милано, Италија. При тоа тој оствари посета на саемот за греење, климатизација и санитарна топла вода,
3. Проф. д-р Добре Рунчев, во период од 5 до 9.03.2006 година реализираа службено патување во Копаоник, СЦГ. Цел на патувањето беше учество на Меѓународен собир кој обработува тема имплеметирање и равој на Болоњската декларација.
4. Асс. м-р Роза Ацеска, во период од 5 до 11.03.2006 година престојуваше на Институтот за математика и информатика при ПМФ во Нови Сад, СЦГ.
5. Проф. д-р Ристо Цицонков, во период од 14 до 19.03.2006 година реализира службено патување во Романија со цел негово ангажирање како консултант на УНИДО за ладилна техника во спроведување на проекти поврзан и со заштита на озонската обвивка.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.03.2006**
**17 СЕДНИЦА НА ННС**

**01.04.2006**
**ОТВОРЕН ДЕН НА МФС**

**27.04.2006**
**18 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, март, број 48**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# МФС
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

На ден 01.04.2006 МФС ќе ги отвори вратите за идните студенти да можат лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди факултетот.

Сите институти, оделот и другите организациони единици треба да направат се за да се претставaт во што е можно подобро светло.

